**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување од професионална одговорност на посредници во промет со недвижности

УС-опо-нед
18-8-мк

## член 1: воведни одредби

[1] Договорите за осигурување од професионална одговорност на посредници во промет со недвижности се склучуваат согласно важечките Општи услови за осигурување од професионална одговорност и одредбите на овие Посебни услови.

[2] Доколку некои од одредбите на Општите услови за осигурување од професионална одговорност се спротивни на одредбите на овие Услови, ќе се применуваат одредбите утврдени во овие Посебни услови.

## член 2: осигурени опасности

[1] Со осигурувањето од професионална одговорност на посредници во промет со недвижности е покриена одговорноста на осигуреникот за штета која ќе настане поради стручни грешки при извршување на регистрираната дејност на осигуреникот.

[2] Осигурувачот гарантира со ист опсег и за чисто имотни штети кои против осигуреникот ги побаруваат трети лица.

## член 3: неосигурени опасности

[1] Покрај неосигурените опасности според Општите услови за осигурување од професионална одговорност, осигурувањето не покрива ниту одговорност за штета:

1) која настанала во врска со плаќање на надомест за посредување;
2) која ќе настане врз основа на незадолжително советување на осигуреникот;
3) која настанала како последица од злоупотреба на доверливи информации на налогодавачот од страна на осигуреникот и лица вработените кај него;
4) која ја предизвикало трето лице на кое осигуреникот му овозможил да извршува дејност врз основа на својата дозвола за извршување на дејност (давање печат за употреба на трето лице и сл.).

## член 4: обврски на осигурувачот

[1] Ако не е поинаку договорено, осигурувачот исплаќа заедничка оштета од сите осигурени случаи во една година, кои изнесуваат најмногу двојно од договорената осигурена сума.

[2] Во случај на исплата на двојна осигурена сума, осигурителното покритие може да се продолжи само ако тоа е посебно договорено. Во тој случај премијата се одредува посебно.

## член 5: право на регрес

[1] Осигурувачот го задржува правото на регрес од осигуреникот во случај кога дополнително ќе се утврди дека штетата е предизвикана со намера, измама или грубо невнимание, а за неа на осигурувачот од страна на осигуреникот не му се презентирани точни и вистинити податоци, односно докази за надомест на штета.